

***Во ова продолжение за читателите на порталот „Македонска нација“ ќе ги претста***

***виме имињата, зборовите, изразите, називите, лексикографските термини...кои се во „Библискиот речник“: од Месија – име што доаѓа од еврејскиот збот Машиах – помазаник, до изразот музика - многу значајна умет ничка гранка за еврејската кул тура***

**Месија** - доаѓа од еврејскиот збот Машиах - помазаник. Првобитно го означувала секое лице помазано со осветено масло, за првосвештеник (3 Мој 4,3; 5,16; 1 Цар 12,3.5) или цар (2 Цар 1,14.16). Кога Бог му ветил на Давид дека престолот за секогаш ќе остане во неговиот дом (2 Цар 7,13), титулата се здобила со нова димензија и го означувала претставникот на царската Давидова линија (Пс 2,2; 18,50; 84,9; Плач 4,20; Ав 3,13). Давид бил личност со таков углед што станал праппример на Месија. Затоа се споменува на повеќе места во СЗ дека Месијата ќе произлезе од Давидовиот дом (Ис 9,6-7; Мих 5,2-5; Ер 23,5-6). До почетокот на христијанската ера, изразот Месија, добил значење на избавител чие доаѓање се очекувало и конечно се остварило во ликот на Исус. Христос е изразот за Месија. Но Исус ги разочарал повеќето Свои сонародници, кои очекувале Месија со политичка моќ и ослободител од паганската власт на Рим, додека Тој ги уверувал дека Неговата власт не е од овој свет.

**Месопотамија** - *меѓуречје,* во СЗ назив за земјата источно од среден Еуфрат и Тигар. На тоа тло се сменувале Асирското, Халдејското и Вавилонското царство. Стотици години имала големо влијание врз жителите на Палестина, врз нивната уметност, начините на наводнувањето, организацијата на градовите, трговијата и законодавството. Евреите таму го поминале ропството и поголем дел од СЗ е пишуван во Месопотамија.

**Метрит** - некаде се преведува како мерка од 80-120 литри (Јв 2,6), а некаде изразот се остава непреведен.

**Мечка** - последната кафеава мечка во Палестина е убиена во триесеттите години од 20 в. (2 Цар 17,8; Ам 5,19).

**Мидија** - името на денешен северозападен Иран југозападно од Каспиското Езеро. Мидијците ја населувале како наследници на Јафет (1 Мој 10.2).

**Милет** - древно пристаниште на југозападниот брег на Мала Азија, од каде бродовите исловувале по Црното Море. Александар Велики (Македонски) го освоил во 334.г.пр.И.Х. Апостолот Павле го посетил накратко овој град на своето патување за Ерусалим пред крајот на своето трето мисионерско патување. Таму ги повикал старешините од Ефес и одржал прекрасен проштален говор (Дап 20,15-37).


ANATOLIA
TURKEY
Mediterranean Sea
CANAAN
LEBANON
SYRIA
Jerusalem
Dead Sea
JORDAN
Nile
Red Sea
Tigris
Euphrates
MESOPOTAMIA
Nineveh
Kalhu
ASSYRIA
Assur
AKKAD
Tell Asmar
Sippar
Babylon
BABYLONIA
IRAQ
SUMER
Girsu
Lagash
Uruk
Ur
Eridu
CHALDEA
Susa
IRAN
Zagros Moun
SAUDI ARABIA
N
250 km
250 miles
modern-day coastline
Persian G
Fertile area of early agriculture


Amman
Jerusalem
Mount of Olives
Bethlehem
Jericho
Hebron
Judean Hills
West Bank (disputed)
JERUSALEM
CENTRAL
ISRAEL
SOUTHERN
NEGEV
JORDAN
Atarot Airport
Mevasseret Yerushalayim
Rām Allāh
Nahal Kalya
Khirbat Qumrān
Dead Sea
En Gedi
-408 m
1020 m
Horvot Mezada
Arad
En Boqeq
Newe Zohar
Mādabā
Dhībān
Al Karak
Wadi al Mujib
Jordan



**ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И**



**СЛАВЕ КАТИН**